ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

ул. "Крушевска" бр. 11А, 7500 Прилеп ; тел. 048 401 725 ; www.jpzapup.com

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
Бр. 01-1061/11
05. 12. 2025 год.
ПРИЛЕП

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

за 2026 година

(планирани активности во 2026 год.)

Прилеп

Декември, 2025 год.

ВОВЕД

Историски развој, општи карактеристики и организациона поставеност на ЈП за ПУП Прилеп

ФОРМИРАЊЕ И ДЕЈНОСТ

Јавното претпријатие за просторни и урбанистички планови - Прилеп е основано од Советот на општина Прилеп со одлука бр.07-1297/8 од 09.07.2004год. Претпријатието во својот делокруг на работа е формирано со цел да ги врши следните дејности:

- просторно и урбанистичко планирање
- архитектонски и инженерски активности и соодветни технички услуги
- други деловни активности

Од временскиот период од кога е формирано претпријатието до денес се случија крупни промени во внатрешната организација на претпријатието што беше условено од конкретните потреби на градот како и големите реформи кои се вршеа во законската регулатива на ниво на Р.Македонија.

Анализирајќи ги перформансите на претпријатието како јавен сервис на градот, менаџерскиот тим и управниот одбор на ЈП за ПУП, а во согласност со основачот (Совет на О.Прилеп) во претходните години донесе повеќе дополнувања на дејноста, со која фронтот на делување на претпријатието се проширува без да се изгуби матичната идеја за формирање на претпријатието (изработка на урбанистички планови за потребите и во интерес на градот и проекции за урбаниот дизајн на градот).

Проширувањето на дејноста се однесуваше на следните ставки:

- Услужни дејности поврзани со копнениот превоз

(стопанисување со паркинг просторите во градот) а подоцна претпријатието доби согласност да ја прошири дејноста за уште една ставка односно:

- Останати придружни дејности во копнениот сообраќај (стопанисување со служба за подигнување на непрописно паркирани возила-Пајак служба) (Одлука на Советот на Општина Прилеп бр.07-167/36 од 15.02.2010 год.).

Последното проширување на дејностите се однесува на организацијата на јавниот Градски превоз во градот и тоа со ставка:

- Градски и приградски патнички копнен транспорт

Основните дејности за вршење на матичната дејност беа задржани и тоа:

- Архитектонски дејности
- Инженерство и со него поврзано техничко советување

- Останати стручни научни и технички дејности неспомнати на друго место

Со овие дејности ЈП за ПУП - Прилеп ја зголеми оперативната моќ, го зголеми бројот на услугите кои ги добиваат граѓаните (платен паркинг и градски превоз) бројот на вработени, без тоа суштествено да се одрази на основната идеја за која е формирано ова претпријатие (да се грижи за проблематики од областа на урбанизмот, архитектурата и урбаниот дизајн на градот во целина). Јавниот градски превоз е потреба и голем бенефит за градот и граѓаните на О. Прилеп, но неговото економско опстојување би било неможно без финансиска помош од градот во вид на субвенционирање на јавните претпријатија од буџетот на О.Прилеп.

Секаде во градовите каде има организиран јавен превоз (оваа дејност е социјална категорија) субвенционирањето односно финансиската подкрепа од буџетот на градовите е редовна појава.

ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ

Моментално претпријатието брои 69 вработени лица на неопределено работно време и 9 лица на определено работно време организирани во шест одделенија согласно актот за внатрешна организација и актот за систематизација:

1. Одделение за проектирање, урбанистичко планирање
2. Одделение за градежно одржување
3. Одделение за паркинг
5. Одделение за јавен градски превоз
6. Одделение за општо правни работи и човечки ресурси
7. Одделение за сметководство
8. Одделение за јавни набавки

Со претпријатието раководи директор избран на конкурс од страна на Градоначалникот на Општина Прилеп, а со одделенијата раководат раководители назначени од директорот на претпријатието.

Раководителите на одделенија во рамките на нивните работни задолженија го организираат целиот процес на работење и се одговорни за навремено и квалитетно извршување на работите од нивната надлежност. Сите организациски единици својата работа ја извршуваат преку извршители распоредени по работни места.

ЛИЦЕНЦИ И ОВЛАСТУВАЊА

Во согласност со актуелните Законски норми од областа на проектирањето и градбата (Закон за просторно и урбанистичко планирање и соодветните Правилници

и Законот за градење), претпријатието врз основа на соодветните овластувања на инженерскиот кадар се здоби со **лиценци А и Б** (проектирање за објекти од сите категории), **лиценца Б** за вршење на **стручен надзор** над изведба на објекти и лиценца за **урбанистичко планирање, за ревизија на урбанистички планови и лиценца Б за ревизија на проектни документации** така да има можност да проектира како во областа на високоградбата така и во областа на урбанистичкото планирање и да врши надзор над изградба на објекти од сите категории. Во согласност со новите законски норми и обученоста на инженерскиот кадар, претпријатието се здоби и со нови овластувања од областа на заштита при работа, противпожарна заштита и овластувања за проектирање на објекти со енергетска ефикасност.

Напомена: Лиценците на правниот субјект и овластувањата на инженерскиот кадар се исклучително за потребите на одделението за урбанистичко планирање и проектирање и одделението за градежно одржување.

СЕДИШТЕ И ТЕХНИЧКА ОПРЕМЕНОСТ

Поради различната природа на дејностите со кои се занимава претпријатието, секое одделение има различна локација или дел од одделенијата се распоредени на различни места.

Дирекцијата и поголем дел од одделенијата (посебно нивниот административен дел) се сместени во објектот на ул.Крушевска бр.11 во Прилеп (поранешна амбуланта ..АЛТЕА.).

Тоа се **Одделението за проектирање, урбанистичко планирање.** Тоа е во рамките на новиот објект во посебна канцеларија организирана за проектанска дејност

. Истата е опремена со персонални компјутери со соодветни лиценцирани софтвери за графичка обработка на проектите, еден ласерски печатач А4 формат, плотер А0 формат, фотокопир, мултифункционален копир, ласерски печатач и факс единица А3 формат, соодветни работни маси и мрежна инфраструктура со сопствен сервер

Во истиот објект се наоѓа и **Одделението за општо правни работи и човечки ресурси.**

Одделението за градежно одржување дел е сместено во посебна работилница, додека раководителот на ова одделение е во заедничкиот објект. Вработените лица во ова одделение се ангажирани за тековно одржување на опремата од паркинг просторот, одржување на инфраструктурата на одделението за јавен градски превоз. Опремено е со потребниот ситен алат и опрема за одржување. Ова

одделение превзема активности како логистика (техничка и стручна) при реализација на поодделни проекти во интерес на претпријатието и на градот, , врши надзор над изведувањето на градежните работи во текот на реализацијата на проектите за адаптација, реконструкција, санација и др. на институции кои се под надлежност на општината.

Одделението за сметководство е опремена со персонални компјутери со соодветни софтвери за сметководствена дејност, ласерски печатар, ормари, канцелариски бироа со столчиња, маса за состаноци и друга ситна опрема.Сместено е во канцеларија во објектот на Крушевска бр 11.

Одделението за паркинг распространето е на повеќе пунктови на кои се врши дејноста и истото е опремено со инфраструктура и опрема потребна за вршење на дејноста . Главниот наплатен центар е во центарот на градот на бул. Гоце Делчев каде е сместен и диспечерскиот дел, односно приемот на СМС пораките

-Паркинг операторите (составен дел од ова одделение) врши контрола на 14 паркинг локации распространети низ градот, поделени во 4 зони и тоа: А зона, Б зона, Ц зона и Д зона.

- За потребите на паркинг операторите ова одделение поседува 14 куќички разместени во непосредна близина на локациите каде има платен паркинг

Од 2024година наплаќањето се врши исклучиво по пат на СМС пораки така да е оневозможен директен допир со готовина од страна на вработените

- Одделението поседува софтвер со целокупна хардверска подршка за наплата на паркинг просторот по пат на СМС пораки сместени во заеднички во просторијата за продажба на билети за јавниот градски превоз.

Пајак служба (во склоп на одделението на платениот паркинг) се состои од возен парк составен од едно специјално возило за подигнување на возила-пајак, 1 мобилен фискален апарат, блокатори, возач на специјално возило, помошник возач на специјално возило и поставувачи на блокатори. Возилото кога е во мирување го користи просторот на Терминал Комуналец за соодветна надокнада регулирана со договор, каде исто така се депонираат возилата подигнати од специјалното возило-пајак службата.

Одделението за јавен градски превоз го сочинуваат:

- Возен парк со шофери
- Раководен центар со раководители на смена
- Наплатен центар

Наплатниот центар е сместен во посебни канцеларии на булеварот Гоце Делчев. Канцелариите се опремени со ормари, канцелариски бироа, персонални компјутери, фискален принтер, машина за броење на пари и останата ситна опрема.

Возниот парк на ова одделение го сочинуваат 17 автобуси од кои 14 за градски сообраќај (нископодни),од кои 4 нови на CNG и 10 употребувани, како и три (туристички) автобуси за школски сообраќај и индустриски превоз. Во 2025 год. возниот парк се прошири за уште четири возила (донација од Советот на О.Прилеп)

Се работи за четири половни минибуси кои се погодни за ученички превоз.

Возилата кога се во мирување го користат просторот на Терминал Комуналец за соодветна надокнада регулирана со договор.

Во 2025 изнајмивме простор каде се се вршат поправки на возилата со надкриен канал и работилница опремена со потребен алат.

Напомена Од вкупниот број на возила кои го сочинуваат возниот парк на ова одделение, активни се само 7 возила додека останатите во текот на годините се амортизирани и се надвор од употреба. Во тек е постапка за нивно одпишување кое зависи од административна постапка која ја спроведува Општина Прилеп.

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

Континуирано активно учество во реализацијата на Генералниот урбанистички план на Прилеп како врховен урбанистички документ во градежниот опфат на Прилеп и тоа како:

- изработувач на детални урбанистички планови;
- изработувач на основни проекти за објекти од нискоградбата и високоградба;
- административна логистика во спроведувањето на постапките за донесување на плановите и на останатата урбанистичка документација во системот Е – урбанизам, во соработка со секторот за урбанизам при О.Прилеп.
- вршење стручна ревизии на Урбанистички планови, урбанистички планови за села, проекти за линиска инфраструктура од областа на сообраќајот;
- вршење стручна ревизија на проектни документации - Основни проекти од високоградба.
- во соработка со секторот за урбанизам при Општина Прилеп и поодделните одделенија, континуирана изработка на проекти за партерни уредувања на делови од градот, изработка на проекти во интерес на општината (училишта, градинки и останати јавни институции под надлежност на општината и сл.), анализи на потреби

во сообраќајот и останатата комунална инфраструктура, давање на насоки и стручни сугестии во кој правец би се движел развојот на одредени делови на градот.

- учество во стручни надзори и вршење на техничка контрола над изградба на објекти од интерес и по налог на општината.

Со овие активности претпријатието активно ќе учествува во креирањето на идниот просторен развој на општината.

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ГРАДЕЖНО ОДРЖУВАЊЕ

Ова одделение во рамките на претпријатието има активно учество во: континуиран надзор над изведба на работите поврзани со адаптација, реконструкција, санација и др. во спроведување на проекти за институции кои се под ингеренција на општината, техничка контрола и координација на градбата на сите објекти каде како инвеститор се јавува општина Прилеп, континуирано следење на состојбата на урбаната опрема, иницијатор за нејзино одржување, иницијатор на одржувањето на зелениот фонд во градот и се што е поврзано со одржување на урбаниот дизајн на градот во целост, одржување на опремата и градежните објекти во сопственост на претпријатието.

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПАРКИНГ

Континуирано осовременување на постојните и зголемување на паркинг простори кои се дадени или ке се дадат на стопанисување на претпријатието. Осовремувањето се однесува на набавка на електронски рампи, видео надзор, постепено имплементирање на зонско паркирање со електронска наплата по пат на смс пораки и грепки, изградба и опремување на нови паркинг простори, средување на партерот на постојните паркинзи, осовременување на постојната вертикална сообраќајна сигнализација, како и набавка и монтажа на нова вертикална сообраќајна сигнализација на паркинг локациите каде е потребно, набавка и монтажа на настрешници со што ќе се добие од една страна повисоко ниво на услуга за клиентите (заштита од дожд, сенка - спречување на изложеноста на паркираните возила на сончева светлина и нивно прегревање). Се надеваме на измени на законските одредби и добивање на можност на општинските Јавни претпријатија да имаат можност да постават фотонапонски панели на своите објекти со што ќе се овозможи остварување на значителен економски бенефит за Јавното претпијатие

како и придонес кон намалување на глобалното затоплување и пренасочување на производството на електрична енергија од еколошки обновливи извори на енергија (Во 2026г Одделението за проектирање ќе изработи техничка документација за настрешници на паркингот кај градската болница со поставување фотонапонски панели) , засадување на зеленило на паркинг просторите каде е тоа можно,

Одделението врши наплата на 14 паркинг локации распространети низ градот и поделени во 4 зони:

- А зона
- Б зона
- Ц зона
- Д зона

Наплатата за надоместок за користење на паркинг простор се врши на следните паркинг локации:

- Паркинг простор кај поранешен центар за печат радио и телевизија ЦПРТВ - „А зона“
- Паркинг простор околу нова катна гаража- што претставува дел од зона на смирен сообраќај со дозволено паркирање со граници на ул.„Браќа Ламески“ и ул.Републиканска до крстосница со ул.„Кеј 1ви Мај“ и ул.„Кеј 1ви Мај“ -„А зона“
- Паркинг простор кај нова општинска зграда и Македонски телеком - „Б зона“
- Паркинг простор спроти поранешната зграда на општина Прилеп - „Б зона“
- Паркинг простор на ул.„Ленин“, до Комерцијална банка - „Б зона“
- Паркинг простор на ул.„Републиканска“, позади зградите на бул.„Гоце Делчев“- „Б зона“
- Паркинг простор на ул.„Сотка Ѓорѓиоски“- „Б зона“
- Паркинг простор на ул.„Кузман Јосифоски“, пред дом на култура Марко Цепенков- „Б зона“
- Паркинг простор на ул.„Кеј 1ви Мај“, од крстосница со ул.„Браќа Ламески до крстосница со ул.„Борка Талески“- „Б зона“
- Монтажна катна гаража позади ..Градска кафеана. - ..Б.. зона
- Паркинг простор на ул.„Кеј 9ти Септември“, од крстосница со ул.„Сотка Ѓорѓиоски“до крстосница со ул.„Борка Талески“ - „Ц зона“
- Паркинг простор на ул.„Кеј 9ти Септември“, од крстосница со ул.„ Борка Талески до крстосница со ул.„Мирче Ацев “- „Ц зона“
- Паркинг простор на ул.„Кеј 1ви Мај“, од крстосница со ул.„ Борка Талески до крстосница со ул.„Сотка Ѓорѓиоски“- „Ц зона“

- Паркинг простор на бул.„Гоце Делчев“, од крстосница со ул.„Кузман Јосифоски“ до крстосница со ул.„Димо Наредникот“- „Ц зона“
- Паркинг простор на ул.„Трајко Тарцан“, од кружниот тек кај СОУ „Ѓорче Петров“ до крстосница со ул.„Мирче Ацев“ - „Д зона“

ПАЈАК СЛУЖБА

Воведувањето на пајак службата се наметнува со самото тоа што е зголемен степенот на моторизација- бројот на возила во градот, што предизвикува зголемен обем на сообраќај и појава на паркирање на возила на места каде не е дозволено и истото претставува пречка за нормалното одвивање на сообраќајот и се предизвикува загушување на одвивањето на сообраќајот. Од сето ова логично се наметна потребата од воведување на пајак служба. Пајак службата (специјално возило со послуга) е под директна ингеренција на сообраќајната полиција и работи во коорелација со службени лица од МВР.

Во 2025 се оформи служба за поставуваање блокатори на возилата кои не го подмириле надоместокот за паркинг, а паркирале на локациите одредени за платен паркинг.

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЈАВЕН ГРАДСКИ ПРЕВОЗ

Во град со повеќе од 70 000 жители на површина од близу 2000 хектари логично се наметна потребата од воведување на организиран јавен градски превоз со постојани релации кои ефтино и квалитетно ќе ги покријат сите доминантни правци на движење на нашите граѓани.

Одделението за јавен градски превоз е најмладото одделение во склоп на претпријатието.

Започна да функционира од втората половина на април 2014 год. Ова одделение во својот состав има четиринаесет нископодни и три туристички автобуси, од кои пет нископодни се активни(четири се 2019 година и еден 1998 година) и еден активен туристички автобус(2011година), останатите единаесет автобуси се надвор од употреба од кои девет нископодни и два туристички со тешки дефекти кои се неисплатливи за поправка бидејќи истата ја надминува вредноста на автобусите.

Нископодните автобуси се наменети за одржување на дел од градските линиите, со интервал на следење од еден час на секоја линија. Четирите нископодни автобуси се од поновата генерација и се целосно еколошки(со 0% емисија на штетни

честички) со погонско гориво на метан, набавени во 2019 година со средства од Општина Прилеп за обновување на возниот парк бидејќи финансиската моќ на претпријатието е слаба за да набави нови возила кои се планираат да се пуштат да ги опслужуваат сите планираните линии. Со почетокот на школската година по одлука на Советот на Општина Прилеп од 2014 год., претпријатието презеде активности за организација и на школскиот превоз на територијата на град Прилеп и тоа на превоз на две основни училишта и сите средни училишта. Превозот се врши со еден туристички автобуси и дел од нископодните во зависност од потребите.

Развојот на ова одделение во склоп на ЈП за ПУП е многу ограничен поради финансиската криза која го тресе целокупното работење на претпријатието и е во директна зависност од политиките на општината и Владата на Р.Македонија која би се однесувало на набавка на нови возила.

Доколку се остварат предвидувањата и се набават нови возила (нископодни автобуси минимум 6 автобуси) би се активирале двете линии кои се усвоени со одлука на Советот на о.Прилеп (линија 4 и линија 5) и дел од автобусите како дополнување на постоечките линии со што би се намалил интервалот на следење од еден час на половина час.

Во текот на 2025 год целосно се имплементира електронскиот систем на наплата во автобусите (активност предвидена во претходната година) со што се укина плаќањето во готово. Планирано е во 2026 година воведување на СМС наплата во самите автобуси за оние корисници кои немаат набавено електронска катичка.

-Доколку се обезбедат средства исто така е планирано осовременување на системот за следење на автобусите во реално време како на автобуските постојки со монтирање на дисплеи (екрани) за нагледност на патниците за возниот ред, времето на пристгнување на автобусите исто така и изготвување на апликација за мобилен телефон преку која ќе може секој кој ќе ја имаапликацијата во реално време да добива иформации за јавниот превоз.

Средствата за реализација на овие програмски задачи ке се бараат буџет на Општина Прилеп, со апликации до разни фондови, владини проекти, проекти со невладини организации,проекти за меѓугранични соработки и други извори на средства.

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОШТО ПРАВНИ РАБОТИ И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Ова одделение ги обединува сите правни и административно технички сегменти на претпријатието, како што се деловодничко административни, правно-нормативни, човечки ресурси, архива, магацинско работење, управување со сите неспомнати сегменти кои се интегрирани во сите други одделенија.

Одделението за општо правни работи и управување со човечки ресурси го следи од правен аспект работењето на сите одделенија во претпријатието и врши од правен аспект синхронизирање на работите и консултации во врска со целокупната работа на одделенијата. Ги следи законите и другите прописи од интерес за дејностите на претпријатието и се грижи за нивна примена во рамките на претпријатието. Води грижа за примена на внатрешните акти на претпријатието и дава правни совети на директорот на претпријатието. Врши нормативно-правни и стручно оперативни работи од областа на деловните работи, правните и други работи. Ги изработува нацрт-предлозите на општите акти и правилата на претпријатието. Се грижи за работите од областа на работните односи и персонално-кадровските работи (човечките ресурси), за правата и обврските од работен однос, постапките за вработување, едукација, евалуација на вработените и сл. Исто така се изработуваат договорите и актите за работа на одделението за проектирање, урбанистичко планирање и гис, одделението за паркинг и одделението за јавен градски превоз. Одделението од правен аспект соработува со правниот сектор, секторот за урбанизам и другите служби на Општина Прилеп во реализација на проектите од областа на урбанистичкото и просторно планирање на градот, функционирањето на јавниот градски превоз, функционирањето на јавните паркиралишта, како и одржувањето на културни и спортски манифестации во рамките на соработката и учеството на претпријатието заедно со општината.

Ова одделение го води архивското работење, ги подготвува актите и правилата за спроведување на редовните годишни пописи на средствата и обврските на претпријатието и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописите.

Во областа на човечките ресурси, одделението континуирано ги следи прописите од областа на работните односи како и активностите во врска со реформите во јавниот сектор и врши подготовки за усогласување на внатрешната организација на претпријатието и систематизацијата на работните места со новите законски прописи и подзаконски акти.

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СМЕТКОВОДСТВО

Одделението за сметководство го организира финансиското и сметководствено работење во претпријатието. Изготвува финансиски планови и заедно со директорот ја одредува динамиката и распоредот на финансиските средства потребни за тековното работење и за навремена наплата на побарувањата и обезбедување на средства за подмирување на обврските. Изработува тримесечни и годишни финансиски извештаи и ги изготвува годишните сметки на претпријатието. Води евиденција за приходите и другите приливи, расходите и други одливи, врши пресметка на плати, придонеси на плати и надоместоци од плата за вработените во претпријатието. Го спроведува пописот на средствата и обврските и врши усогласување на сметководствента со фактичката состојба утврдена со пописот. Во склоп на ова одделение функционира и одделот за јавни набавки кој е важен сегмент неопходен за нормално функционирање на претпријатието.

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

Одделението за јавни набавки целосно ги следи потребите и работата на претпријатието во сите негови сегменти (одделениа) со навремено објавување на Јавните набавки врз основа на годишниот план за јавни набавки, ја следи процедурата и текот на извршувањето на јавните набавки.

До сега ова одделение беше во склоп на одделението за сметководство.

Во Одделението за јавни набавки се вршат следните работи и задачи:

- изготвување на план за јавни набавки, грижа за негова реализација,
- изготвување на тендерските документи за јавните набавки;
- објавување на огласи и водење на постапките по јавните набавки и давање стручна помош на комисијата за јавни набавки;
- подготвување на одлуките за избор или поништување на постапки или делови од постапка,
- оформување, водење и чување на досие за постапката за секој доделен договор за јавна набавка;
- координирање на склучените договори по јавните набавки со другите одделенија;
- доставување информации до органите на претпријатието за прашањата од доменот на јавните набавки;

- соработка со надворешни органи и институции во врска со јавните набавки;
- вршење на административно – технички работи за комисијата за јавни набавки и планирање на набавките на стоки, работи и услуги;
- евиденција на склучени Договории соодветни известувања
- следење на законските прописи кои се однесуваат на работењето на претпријатието и грижа за нивно имплементирање.

РЕАЛИЗИРАНИ ПЛАНСКИ И ПРОЕКТНИ ДОКУМЕНТАЦИИ ВО ТЕКОТ НА 2025ГОД

ОСНОВНИ ПРОЕКТИ

1.Основни проекти за поставување на урбана - полуподземни контејнери, на 21 локација

2.Проект за одржување во употреблива градба - ЈЗУ Центар за јавно здравје

3.Основен проект за изградба на локален пат Л600195530-дел (обиколница Исток од Р1312 до Л600195529), Општина Прилеп

4.Основен проект за изградба на зграда за претшколско образование (градинка), општина Прилеп, КО Прилеп, општина Прилеп

5.Основен проект за партерно уредување на училишен двор со проектирање на внатрешен сообраќај, реконструкција на постојни и проектирање на нови подземни инфраструктурни водови во ООУ „Блаже Конески“ – Прилеп

6.Основен проект за изградба на отворено спортско игралиште во ООУ “Рампо Левката”-Прилеп

7.Основен проект за реконструкција на партер во училишен двор на СОУ„Ристе Ристески Ричко“ – Општина Прилеп

8.Основен проект за изградба на столбна трафостаница 10(20)/0,4kV 400(250) kVA Е.1.8 инфраструктура за пренос на електрична енергија за потребите на фабриката за рециклажа и претоварна станица

9.Основен проект за реконструкција на кров на лаборатории за практична настава при СОУ „Орде Чопела“ – Прилеп

10.Основен проект за отстранување на објект – основно училишиште Алинци

11. Основен проект за изградба на фотоволтаична централа за Детска градинка “Бајка” Прилеп

12,Основен проект за изградба на краци од станбена ул “Григор Прличев”, улица “1” со должина од 150м и улица “2” со должина 80м, со ознака СТ, согласно ДУП за УАЕ 2, УБ 2/2-дел Блок “Б”

13,Основен проект за реконструкција на спортско игралиште во СОУ “Ѓорче Петров”- Прилеп

14,Основен проект за поставување на урбана опрема - монтажни јавни тоалети во општина Прилеп на КП13642, КО Прилеп, општина Прилеп

15,Основен проект за поставување на урбана опрема - монтажни јавни тоалети во општина Прилеп на КП14669/1, КО Прилеп

16,Основен проект за изградба на краци од станбена Новопроектира сервисна улица од Детален Урбанистички План за Урбана Единица 8, Урбан Блок 8.02, плански опфат 1, Општина Прилеп

17,Дополнување на основен проект за измени во тек на градба за деловни простории во приземјето на подтрибински простор од Градски стадион „Гоце Делчев“-Прилеп

РЕВИЗИИ НА ОСНОВНИ ПРОЕКТИ

1,Ревизија на Основен проект за реконструкција на ул.„ Орде Чопела“ КП4614-дел и КП 6088/1-дел КО Варош, Делница од мост на река Топлица до крстосница со улица„Македонски Бранители“, Општина Прилеп

2,Ревизија на основен проект за изградба на мост над градска река на новопроектирана улица “Победа” КО Прилеп, Општина Прилеп

3,Ревизија на основен проект за изградба на потпорен ѕид на улица„Орде Чопела“ Општина Прилеп

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

1.Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на локален пат Л600195530-дел (обиколница Исток од Р1312 до Л600195529), Општина Прилеп

2.Урбанистички проект за инфраструктура за улица „Ср10“ на дел од КП 20267/2, КО Прилеп, општина Прилеп (од мост на улица „Трајко Николоски“ кон исток во должина од околу 640м),

3.Урбанистички проект согласно член 58 став 6 од Законот за урбанистичко планирање за инфраструктурна градба, среднонапонски кабелски вод од трафостаница Макпетрол до планирана ТС за фабрика за рециклирање на отпад и претоварна станица

4.Урбанистички проект за стопански и индустриски намени за формирање и разработка на градежна парцела со намена Г4.2-Отворени и полузатворени отпади, специјализирани отпади на дел од 20267/1, КО Прилеп, општина Прилеп

5.Урбанистички проект за градежно земјиште за општа употреба – член 58 став 2 (речно корито на градска река)

6.Урбанистички план за село Беровци, КО Беровци, општина Прилеп

РЕВИЗИЈА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

1.Ревизија на Урбанистички план за село Старо Лагово со разработка на блок 2, Општина Прилеп

2.Ревизија на Урбанистички план за село Селце со разработка на блок 5, Општина Прилеп

3.Ревизија на Урбанистички план за село Голем Радобил со разработка на блок 2, Општина Прилеп

4.Ревизија на Урбанистички план за село Веселчани со разработка на блок 2, Општина Прилеп

5.Ревизија на Урбанистички план за село Шелеверци со разработка на блок 2, Општина Прилеп

6.Ревизија на Урбанистички план за село Подмол со разработка на блок 4, Општина Прилеп

7.Ревизија на Урбанистички план за село Загорани со разработка на блок 3, Општина Прилеп

8.Ревизија на Урбанистички план за село Волково со разработка на блок 1, Општина Прилеп

9.Ревизија на Урбанистички план за село Штавица со разработка на блок 1, Општина Прилеп

10.Ревизија на Урбанистички план за село Алинци со разработка на блок 4, Општина Прилеп

11.Ревизија на Урбанистички план за село Беловодица со разработка на блок 2, Општина Прилеп

12.Ревизија на Урбанистички план за село Кадино Село со разработка на блок 3, Општина Прилеп

13.Ревизија на Урбанистички план за село Леништа со разработка на блок 3, Општина Прилеп

14.Ревизија на Урбанистички план за село Ерековци со разработка на блок 3, Општина Прилеп

15.Ревизија на Урбанистички план за село Тројкрсти со разработка на блок 3, Општина Прилеп

16.Ревизија на Урбанистички план за село Крушевица со разработка на блок 2, Општина Прилеп

Извештај за надзори во текот на 2024

1. Изградба на модуларна катна гаража
2. Доизградба на Фабрика за отпад ко Алинци
3. Реконструкција на постојни водоводни линии (Карабдалица)
4. Реконструкција,рехабилитација и одржување на ударни дупки
5. Препокривање на детска градинка ..Бончејца..
6. Внатрешно уредување на административен оддел (На дел од објект) во ЈОУ Градска библиотека..Борка Талески.. - Прилеп
7. Санација на sидови во ОУ Кочо Рацин
8. Изградба на улици во УЕ2, Урбан блок 2.02 КО Варош (спроти Жито Прилеп)-дел
9. Промена на подови во ОУ ..Гоце Делчев..
10. Центар за дневен престој на стари лица со активно стареење (М3 Рид)

ГОДИШЕН ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА 2025 ГОДИНА НА ЈП ЗА ПУП - ПРИЛЕП

Поради фактот што претпријатието Прилеп веќе има дефинирани дејности, некои од генералните оперативни дејства неминовно се повторуваат од година во година со минимални измени и дополнувања, плански дооформувања, надоградување и проширување.

Во продолжение следуваат планските активности за сите одделенија поодделно.

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ, ПРОЕКТИРАЊЕ

Активност 1:

Изработка на Урбанистичка документација за потребите на Општина Прилеп:

- Изработка на детални урбанистички планови согласно програмата за финасирање и донесување на урбанистички планови на територијата на Општина прилеп за 2025 год., а во согласност со ГУП за град Прилеп;
- Изработка на урбанистички планови за села;
- Изработка на Урб. планови за вон населено место;
- Изработка на урбанистички планови за подрачја и градби од државно значење;
- Изработка на урбанистички проекти за парцелирано градежно земјиште;
- Изработка на урбанистички проекти за градежно земјиште за општа употреба;
- Изработка на урбанистички проекти за градежно земјиште за планско-проектна разработка на градежни парцели или катастарски парцели што ги исполнуваат условите и стандардите за формирање на градежна парцела за соодветните стопански и индустриски намени што со ГУП се наменети за изградба на стопански, индустриски, енергетски и други техничко-технолошки и специјални намени;
- Изработка на урбанистички проекти за инфраструктура;
- Изработка на урбанистички проекти за разработување на урбанистички план за село каде што не се формирани градежни парцели, а катастарските парцели ги задоволуваат условите за формирање на градежна парцела.
- Изработка на урбанистички проекти за поединечни градби и инфраструктури од државно и локално значење вон населени места и вон опфат на урбанистички планови на земјоделско, шумско и друго земјиште, крабрежни појаси и други простори за кои што не постојат услови и/или економска оправданост за донесување

на урбанистички план согласно овој закон, а постои соодветен или некатегоризиран сообраќаен пристап, во кој случај урбанистичкиот проект се изработува врз основа на добиени услови за планирање на просторот.

- Изработка на урбанистички проекти со план за парцелација согласно член 63 од законот за урбанистичко планирење.
- Изработка на сообраќајни решениа за времен режим на сообраќај , сообраќајни решениа за одредени делови од сообраќајната мрежа во градот

КОНКРЕТНИ ПЛАНОВИ ЗА ИЗРАБОТКА:

ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ И ПЛАНОВИ ЗА 2026:

- **<u>УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ</u>**

1. Урбанистички проект за инфраструктура, со ажурирана геодетска подлога и стручна ревизија – кружни текови на вкрстување на булевар“Гоце Делчев” и улица “Леце Котески” (нова автобуска) и кружен тек на вкрстување на булевар Гоце Делчев со ул.Војводинска 1,4ха

2. Урбанистички проект за градежно земјиште за општа употреба со ревизија (речно корито на градска река)

3. Урбанистички проект за градежно земјиште за општа употреба со ажурирана геодетска подлога и стручна ревизија (дабнички канал по должина на ул. Бранко Секулоски) превземен проект од минатa година 1,6ха

4. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за забавен и тематски парк со градби и опрема со намена В 3.10 во Старо Лагово (адреналински парк) со ажурирана геодетска подлога и стручна ревизија превземен проект од минатa година 10ха

5. Урбанистички проект за инфраструктура (електрика) во Стара Чаршија со ажурирана геодетска подлога и стручна ревизија

6. Урбанистички проект за поставување на монтажна катна гаража (предлог локација од ЕЛС Прилеп) предлог на паркинг во близина на кружен тек ..Карпалак.. (пред футура и кам маркет) со ажурирана геодетска подлога и стручна ревизија. превземен проект од минатата година

7. Урбанистички проект за инфраструктура за новопроектирана улица населба КОЗЛЕ со ажурирана геодетска подлога и стручна ревизија. (од ул. Прилепски бранители до нова градинка во населба ТоЧила)

8. Урбанистички проект за инфраструктура за обиколница вон опфат околу градски гробишта – дел и плато пред гробишта со ажурирана геодетска подлога и стручна ревизија.

9. Урбанистички проект за стопански и индустриски намени за формирање и разработка на градежна парцела со намена Г4.2 – Отворени и полузатворени отпади, специјализирани отпади, КО Прилеп, општина Прилеп, со стручна ревизија. превземен проект од минатa година

10. Урбанистички проект вон опфат за линиска инфраструктура - доводен кабел за струја од бензинска пумпа Мак петрол до ф-ка за отпад – Алинци и – поставување на инсталации за струја и вода од бунар до цистерна за вода во ф-ка за отпад во Алинци, со стручна ревизија.

11. Урбанистички проект за обиколница запад со ажурирана геодетска подлога и стручна ревизија.

12. Урбанистички проект за инфраструктура дел од улица Ср10, КО Прилеп Општина Прилеп, согласно ГУП (во дол=ина од 640м) со стручна ревизија. превземен проект од минатa година

- **<u>ОСНОВНИ ПРОЕКТИ</u>**

1. Основен проект за реконструкција на кејски потпорни ѕидови и уредување на речно корито по фази, со стручна ревизија. (речно корито на градска река по цела должина на градежен опфат)

2. Основен проект за реконструкција на јавна пешачка површина за пристап на интервентни возила на дел од кп 13939 кп 13940/1 КО Прилеп Општина Прилеп, со ажурирана геодетска подлога и стручна ревизија.

3. Основен проект за изградба згради за претшколско образование и грижа, јасли и градинки, КО Прилеп, Општина Прилеп, со стручна ревизија. превземен проект од минатa година

4. Основен проект за изградба на отворено спортско игралиште на Могила на непобедените, со стручна ревизија.

5. Основен проект за изградба на потпорен ѕид на отворено спортско игралиште на Могила на непобедените со стручна ревизија.

6. Основни проекти за реконструкција на кејски потпорни ѕидови и уредување на кеј на Дабнички канал по должината на ул. ..Бранко Секулоски..со стручна ревизија.

7. Основен проект за реконструкција на објектот на Матично (кп 18664 КО Прилеп), со геодетски елаборат за етажен премер, геодетски елаборат за ажурирана геодетска подлога, извештај од извршен увид и контрола за носивост и стабилност на конструкцијата и стручна ревизија.

8. Дополнување на основен проект за измени во тек на градба за деловни простории во приземјето на подтрибински простор од Градски стадион „Гоце Делчев“- Прилеп (со вклучена стручна ревизија)

9. Основен проект за реконструкција на партер и инфраструктура на старата градска чаршија во Прилеп со вклучена стручна ревизија

10. Основен проект за инфраструктура (електрика) во Стара Чаршија, со вклучена стручна ревизија.

11. Основен проект за изградба на Собирен центар за селекција на кабаст и органски отпад (во рамките на парцела на ЈКП Комуналец), со вклучена стручна ревизија.

12. Основен проект за изградба на катна гаража (во непосредна близина на кружен тек Карпалак), со вклучена стручна ревизија.

13. Основен проект за адреналински парк – Старо Лагово (фазна градба), со вклучена стручна ревизија.

14. Реконструкција на пешачки патеки на Паркот на револуцијата (Могила), со вклучена стручна ревизија.

15. Основни проекти за потпорни ѕидови на територија на О.Прилеп, со вклучена стручна ревизија.

16. Основни проекти за јавни тоалети, со вклучена стручна ревизија.

17. Основен проект за инфраструктура дел од улица Ср10, КО Прилеп Општина Прилеп, (во должина од 640м) со вклучена стручна ревизија. превземен проект од минатa година

18. Основен проект за изградба на новопроектирана сервисна улица од ДУП за УЕ 8, УБ 8.02, плански опфат 1, општина Прилеп, со вклучена стручна ревизија. превземен проект од минатa година

19. Основен проект за изградба на краци од станбена ул “Григор Прличев”, улица “1” со должина од 150м и улица “2” со должина 80м, со ознака СТ, согласно ДУП за УАЕ 2, УБ 2/2-дел Блок “Б” со вклучена стручна ревизија. превземен проект од минатa година

20. Основен проект за изградба на типска спортска сала во училишен двор со партерно решение, комплетна инфраструктура и приклучоци, со ажурирана геодетска подлога и стручна ревизија.

21. Основен проект за реконструкција и пренамена на зграда на Работнички универзитет, со геодетски елаборат за нумерички податоци и стручна ревизија.

- **ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ**

1. ДУП за четврт 5,блок 5.2 Плански опфат 5.2.1, 5.2.10, 5.2.11, 5.2.12 со вкупна П=19,88ха
2. ДУП за четврт 5,блок 5.4 Плански опфат 5.4.1, 5.4.2, 5.4.3, 5.4.10, и 5.4.12 со вкупна П=23,33ха
3. четврт 5,блок 5.6 Плански опфат 5.6.1, 5.6.2, 5.6.3, 5.6.4, 5.6.5, 5.6.6, 5.6.7, и 5.6.8 со вкупна П=23,30ха
4. четврт 3,блок 3.1 и четврт 3 ,Блок 3.12
5. Урбанистички план за село Мало Коњари 119ха
6. Урбанистички план за село Големо Коњари 196ха
7. Довршување на веќе започнати планови (ДУП 7.5 ,ДУП 3.11, ДУП 3.1, и ДУП 2.10, ДУП 2.14 и 2.15, ДУП 9.15)

Одговорно лице: Катерина Спиркоска д.и.а. - раководител на одделение за урбанистичко планирање и проектирање.

Секој проект или план, посебно ќе биде распореден со одреден рок за изработка на планерите и проектаните во рамките на одделението.

Рок: јануари - декември 2026г.

Очекувани резултати: Урбанизација на одредени делови на градот, предуслов за изработка на основни проекти од кои произлегуваат инвестиции од високоградба, изградба на инфраструктура, поквалитетна средина за живеење.

Буџет: од средства на буџетот на О.Прилеп од програмата за уредување на градежно земиште на подрачјето на О.Прилеп за 2025г – програма F10

Напомена **Динамиката на изработката на проектите и плановите, зависи во голема мера од брзината на спроведувањето на јавните набавки од страна на О.Прилеп (ажурирани геодетски подлоги, геомеханички истражувања, хидролошкии студии) кои се предуслов за изработка на проектите и плановите и од брзината на добивањето на согласности и мислења од релевантните институции (Телеком, ЕВН, Завод и музеј, ИЗИИС и др.) кои се**

составен и законски дел од содржината на проектите и плановите и брзината на спроведувањето на постапките од страна на општинската администрација посебно секторот за урбанизам при О.Прилеп.

Цените на проектите и плановите и на сите услуги кои ЈП за ПУП ги дава се усогласени со Ценовник одобрен од Советот на О.Прилеп и тарифникот кој е донесен од Комората на овластени инженери и архитекти (Сл. весник на РСМ бр.259/22 од 01.12. 2022год и бр.09-254/11 од 26.01.2023). Бројот на изработени планови и проекти ке зависи од предвидените средства во буџетот на О.Прилеп од програмата за уредување на градежно земиште на подрачјето на О.Прилеп за 2025год.

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПАРКИНГ

Континуирано осовременување на постојните и зголемување на паркинг простори кои се дадени или ке се дадат на стопанисување на претпријатието. Осовремувањето се однесува на набавка на електронски рампи, видео надзор, постепено имплементирање на зонско паркирање со електронска наплата по пат на смс пораки и грепки, изградба и опремување на нови паркинг простори, средување на партерот на постојните паркинзи, осовременување на постојната вертикална сообраќајна сигнализација, како и набавка и монтажа на нова вертикална сообраќајна сигнализација на паркинг локациите каде е потребно, набавка и монтажа на настрешници со што ќе се добие од една страна повисоко ниво на услуга за клиентите (заштита од дожд, сенка - спречување на изложеноста на паркираните возила на сончева светлина и нивно прегревање). Се надеваме на измени на законските одредби и добивање на можност на општинските Јавни претпријатија да имаат можност да постават фотонапонски панели на своите објекти со што ќе се овозможи остварување на значителен економски бенефит за Јавното претпијатие како и придонес кон намалување на глобалното затоплување и пренасочување на производството на електрична енергија од еколошки обновливи извори на енергија , засадување на зеленило на паркинг просторите каде е тоа можно, изградба на монтажни гаражи, а кое со оглед на новонастанатата состојба каде со реконструкцијата на Булеварот „Гоце Делчев“ и улица „Прилепски бранители“, се изгубија голем број на паркинг места (над 300), со што само по себе се наметнува

потребата од изградба на монтажни гаражи кои ќе го надоместат недостигот на паркинг места предизвикан од реконструкцијата на погореспоменатите улици.

Одделението врши наплата на 14 паркинг локации распространети низ градот и поделени во 4 зони:

- А зона
- Б зона
- Ц зона
- Д зона
- Наплатата за надоместок за користење на паркинг простор се врши на следните паркинг локации:
- Паркинг простор кај поранешен центар за печат радио и телевизија ЦПРТВ - „А зона“
- Паркинг простор околу нова катна гаража- што претставува дел од зона на смирен сообраќај со дозволено паркирање со граници на ул.„Браќа Ламески“ и ул.Републиканска до крстосница со ул.„Кеј 1ви Мај“ и ул.„Кеј 1ви Мај“ -„А зона“
- Паркинг простор кај нова општинска зграда и Македонски телеком - „Б зона“
- Паркинг простор спроти поранешната зграда на општина Прилеп - „Б зона“
- Паркинг простор на ул.„Ленин“, до Комерцијална банка - „Б зона“
- Паркинг простор на ул.„Републиканска“, позади зградите на бул.„Гоце Делчев“- „Б зона“
- Паркинг простор на ул.„Сотка Ѓорѓиоски“- „Б зона“
- Паркинг простор на ул.„Кузман Јосифоски“, пред дом на култура Марко Цепенков- „Б зона“
- Паркинг простор на ул.„Кеј 1ви Мај“, од крстосница со ул.„Браќа Ламески до крстосница со ул.„Борка Талески“- „Б зона“
- Паркинг простор на ул.„Кеј 9ти Септември“, од крстосница со ул.„Сотка Ѓорѓиоски“до крстосница со ул.„Борка Талески“ - „Ц зона“
- Паркинг простор на ул.„Кеј 9ти Септември“, од крстосница со ул.„ Борка Талески до крстосница со ул.„Мирче Ацев “- „Ц зона“
- Паркинг простор на ул.„Кеј 1ви Мај“, од крстосница со ул.„ Борка Талески до крстосница со ул.„Сотка Ѓорѓиоски“- „Ц зона“
- Паркинг простор на бул.„Гоце Делчев“, од крстосница со ул.„Кузман Јосифоски“ до крстосница со ул.„Димо Наредникот“- „Ц зона“
- Паркинг простор на ул.„Трајко Тарцан“, од кружниот тек кај СОУ „Ѓорче Петров“ до крстосница со ул.„Мирче Ацев“ - „Д зона“

- Се предвидува следната година (2024) да се изгради монтажна гаража на две нивоа на паркингот зад поранешната градска кафеана (развојна програма на О.Прилеп), изградбата е во завршна фаза и се очекува да профункционира на почетокот од 2025 година
- се предвидува изградба на монтажна гаража на паркингот помеѓу новата општинска зграда и зградата на Телеком (овој проект е на ниво на планиран проект)
- во план е ЈП за ПУП (одделението за планирање и проектирање) да изработи техничка документација за монтажна гаража на дел од паркингот кај кружниот тек со спомеикот ..Карпалак.. (кај ..Кам маркет..)
- Со оглед на тоа што во непосредна близина на предвидените локации за изградба на монтажни гаражи има голем број на активности-генератори на патувања како: ЕЛС Општина Прилеп, Фонд за здравство, Фонд за ПИОМ, подрачна единица на УЈП, Македонски пошти, Комерцијална банка, Уни банка, Централна кооперативна банка, Стопанска банка АД Битола, Халк Банка, Шпаркасе банка, Тутунска банка, старата градска чаршија, градскиот пазар, изградбата на монтажните гаражи е многу оправдана и ќе придонесе кон намалување на проблемите предизвикани од недостатокот на паркинг места. Ова уште повеќе е нагласено со оглед на зголемениот степен на моторизација во изминатиот период.

ПРЕДЛОГ МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕФИКАСНОСТА НА РАБОТЕЊЕТО на Одделението за стопанисување со паркинг простор во рамките на ЈП за ПУП-Прилеп

I. Воведување на нови простори за паркирање и корекција на тарифниот модел:

Со новонастанатата ситуација каде е затворен платениот паркинг на делот од булевар Гоце Делчев и тоа во делот од крстосница со ул.Браќа Ламески до крстосница со ул.Кузман Јосифоски, како и паркинг просторот на ул.Прилепски бранители, кои се дел од „А“ зона, а кои беа од особено значење за работењето на Одделението за стопанисување со паркинг простор во рамките на ЈП за ПУП-Прилеп. Воедно овие три паркинг локации претставуваа значаен дел во вкупниот промет кој се остваруваше во рамките на Одделението односно на овие три локации се остваруваа околу 50 проценти од вкупниот промет во рамките на одделението, со што се намали обемот на наплатата за користење на паркинг простор.

Со цел да се подобри ефикасноста во работењето на ЈП за ПУП- Прилеп во делот кој стопанисува со паркинг просторот се предвидува да се воведат следните мерки:

I. Промена на зонирањето на одделни паркинг простори, и тоа на следните локации:

1. Паркинг простор кај ЕЛС Општина Прилеп, од „Б“ зона да се префрли во „А“ зона
2. Паркинг простор кај стара општинска зграда, од „Б“ зона да се префрли во „А“ зона
3. Паркинг простор на ул.„Ленин“, до Комерцијална банка - од „Б“ зона да се префрли во „А“ зона
4. Паркинг простор на ул.Републиканска зад зградите на бул.Гоце Делчев од „Б“ зона да се префрли во „А“ зона
5. Паркинг простор на ул.Сотка Ѓорѓиоски зад катна гаража од „Б“ зона да се префрли во „А“ зона
6. Паркинг простор пред дом на култура „Марко Цепенков“ и ул.Кузман Јосифоски, од „Б“ зона да се префрли во „А“ зона
7. Паркинг простор на ул."Кеј 1ви Мај", од крстосница со ул."Браќа Ламески до крстосница со ул."Борка Талески"- од „Б“ зона да се префрли во „А“ зона
8. Паркинг простор на Ул.Кеј 1ви Мај од ул. Борка Талески до ул.Сотка Ѓорѓиоски кај ОУ Кочо Рацин од „Ц“ зона да се префрли во „Б“ зона
9. Паркинг простор на Ул.Кеј 9ти Септември од ул. Борка Талески до ул.Мирче Ацев од „Ц“ зона да се префрли во „Б“ зона
10. Паркирање на бул.Гоце Делчев од крстосница со ул. Кузман Јосифоски до крстосница со ул.Димо Нередникот-до хотел Липа, од „Ц“ зона да се префрли во „А“ зона.
11. Паркинг простор кај поранешен центар за печат радио и телевизија ЦПРТВ - "А зона" – останува "А зона"
12. Паркинг простор околу нова катна гаража- што претставува дел од зона на смирен сообраќај со дозволено паркирање со граници на ул.„Браќа Ламески“ и ул.Републиканска до крстосница со ул.„Кеј 1ви Мај“ и ул.„Кеј 1ви Мај“ -„А зона“– останува "А зона"
13. Паркинг простор на ул."Кеј 9ти Септември", од крстосница со ул."Сотка Ѓорѓиоски"до крстосница со ул."Борка Талески" - "Ц зона"– останува "Ц зона"
14. Паркинг простор кај болница Борка Талески и ул.Трајко Тарцан-"Д зона"– останува "Д зона" останува непроменето10 ден/час.

II. Зголемување на опфатот на делување. Се предвидува да се зголеми опфатот на делување на Зонското паркирање од платениот паркинг преку зголемување на бројот на локации за платен паркинг со нови паркинзи и тоа:

1. Паркинг простор во кругот на Медицински Центар –уред- „А“ зона
2. Паркинг простор зад бензинска станица Макпетрол Центар на ул.„Вардарска“- „А“ зона
3. Ул.Борка Талески од крстосница со ул.Александар Македонски до ул.Кеј 9ти Септември (кај Стокомак) „Б“ зона
4. Браќа Ламески (пред зграда СИЗ) „А“ зона
5. Ул.Кузман Јосифоски од крстосница со ул.Андон Слабејко до крстосница со ул.Ленин „А“ зона
6. Ул.Андон Слабејко „Б“ зона

III. Корекција на тарифниот модел.

a. корекцијата би била:

i. 30 денари од час за во делот од паркингот од А зона,

ii. 30 ден за 2 часа во зона Б и

iii. 30 ден за 4 часа – во Ц зона.

iv. 30 ден неограничено паркинг болница Борка Талески

b. Со новиот предлог модел на наплата се предвидува:

i. За „А“ зона надоместокот за користење на паркинг простор да биде 30 ден за еден час , времетраењето на паркирање се предвидува да биде ограничено на максиум четири часа, со што ке се зголеми промената на возила и наплатата. Оваа мерка се наметнува самата по себе од причина што евидентен е недостатокот на паркинг места во градот, а можностите за зголемување на обемот на паркинг места е лимитиран- со што се наметнува потребата од ограничување на времетраењето на паркирање со цел да се услужат што повеќе корисници- зголемен обем на користење на постојните паркинг места, во превод ќе се амортизира недостатокот на паркинг места во централното градско подрачје.

ii. За зона „Б“ зона надоместокот за користење на паркинг простор да биде 30 ден за секои 2 часа и

iii. За зона „Ц“ зона надоместокот за користење на паркинг простор да биде 30 ден за секои 4 часа

iv. 30 ден. неограничено, паркинг болница Борка Талески-останува непроменето.

Одговорно лице: Горанче Јошески - дси

Рок: јануари - декември 2026 год

Очекувани резултати: Поквалитетна услуга на граѓаните во областа паркирање, зголемен финансиски обрт.

Буџет: сопствени средства

IV. Корекција на тарифниот модел во пајак службата (предлог)

корекцијата би била:

- Подигање на возило и транспорт до терминал – 2000 ден
- Подигање на возило и спуштање на лице место – 1500ден
- Поставување на блокатор – 800 ден.

Напомена

Корекциите се изработени во консултација со другите градови каде имаат пајак служба, имено во Охрид, Битола и Кавадарци цените се следните

- Подигање на возило и транспорт до терминал – 2400 ден
- Подигање на возило и спуштање на лице место – 1600ден
- Поставување на блокатор – 1000 ден.

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЈАВЕН ГРАДСКИ ПРЕВОЗ

Активност 1:

Инсталирање на електронски систем на наплата во возилата од градскиот превоз каде истиот не е инсталиран

Одговорно лице: Александар Јошески –дси

Рок: јануари-декември 2026 год.

Очекувани резултати:ослободување на возачите од обврската да бидат и возачи и благајници, побрзо и побезбедно функционирање на градскиот превоз и поефикасно следење на финансиската реализација.

Буџет: од сопствени средствата

Активност 2.

Воведување на систем за СМС наплата во самите автобуси на јавниот градски превоз за корисници кои немаат електронска картичка.

Одговорно лице: Александар Јошески –дси

Рок: јануари-декември 2026 год.

Очекувани резултати: ослободување на возачите од обврската да бидат и возачи и благајници, побрзо и побезбедно функционирање на градскиот превоз и поефикасно следење на финансиската реализација.

Буџет: од сопствени средствата.

Активност 3.

Набавка на електронски картички за сите категории на патници (ученици, пензионери, инвалидизирани лица)

Одговорно лице: Александар Јошески –дси

Очекувани резултати Електронска контрола на бројот на патувања, ред во користењето на јавниот градски превоз.

Буџет:, од сопствени средствата .

Активност 4:

Целосно опремување на градот со автобуски постојки и нивно осовременување.

Одговорно лице: Александар Јошески –дси

Рок: тековни обврски.

Очекувани резултати: Зголемување на квалитетот на услугата на јавниот градски превоз.

Буџет: сопствени средства, бизнис сектор, средства од Општина Прилеп

Активност 5:

Доколку добиеме нови автобуси (кои се во најава од Владата на Р.Македонија) воспоставување на две нови линии

Одговорно лице: Александар Јошески -дси

Рок: јануари - декември 2026 год.

Очекувани резултати: Подобрување на услугите кон граѓаните на Прилеп .

Буџет: за оваа активност немаме предвидено буџет, активноста е од организациона природа. Буџетот ќе биде потербен при вработувањето на нови возачи.

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОПШТО ПРАВНИ РАБОТИ И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

За наредната 2025 година се предвидува, меѓу другото, да се стави акцент на организациската структура на претпријатието и систематизираноста на работните места според потребите на претпријатието за квалификуван стручен кадар со цел за поефикасно извршување на дејностите на претпријатието, да се посвети внимание на евалуацијата, едукацијата, унапредувањето и развојот на човечките ресурси, преку усогласување на актите и внатрешната организираност на претпријатието, политиката на нови вработувања, планирање на обуки за континуирано надградување на знаењата и вештините на вработените во согласност со новите структурни реформи во јавниот сектор на кој што припаѓа и претпријатието.

Рок: јануари - декември 2026 год.

Очекувани резултати: Подобра правна регулираност, подобра внатрешна организација и функционалност на претпријатието, систематизација на работните места на вработените и нивна едукација што ќе резултира со поефикасно работење на претпријатието и постигнување на уште подобри резултати.

Буџет: сопствени средства од претпријатието.

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СМЕТКОВОДСТВО

Постојано следење на политиките во сметководствено финансиската сфера, грижа за финансиските средства неопходни за работа на претпријатието, изготвување на финансиски анализи и извештаи за поддршка на реализација на плановите и развојот на претпријатието, како и реализација на планот за јавни набавки навремено и во согласност со важечките законски норми.

ПЛАН ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ЈП ЗА ПУП ZA 2026 ГОДИНА ОД СТРАНА НА ОПШТИНА – ПРИЛЕП

Во согласност со предлог буџетот на општина Прилеп за 2026 година од предвидените средства од буџетот на Општина Прилеп за субвенционирање

наЈавните претпријатиа на ЈП за ПУП односно на Јавниот градски превоз за гориво се предвидени 4 800 000 ден. и 9 600 000ден. за бесплатен превоз на пензионери со минимални пензии распоредени на дванаесет месечни рати

Напомена: ЈП за ПУП минува низ тежок финансиски период предизвикан од многу фактори , пред се од нередовната наплата на фактурите на име слободен ученички превоз , ниските цени на услугите воопшто кои ги дава ЈП за ПУП посебно во делот на платен паркинг и јавниот превоз (непроменети од 2016год.) , неисплатениот долг кон Аутомакедонија за набавка на новите автобуси, а од друга страна континуирано зголемување на платите и обврските на претпријатието согласно со колективниот договор . Сето ова го прави претпријатието неликвидно со доцнење на исплата на платите кон вработените и нередовна исплата на доспеаните обврски направени од тековното работење

За погореспоменатите проблеми во целост се запознати управниот и надзорниот одбор, Советот на О.Прилеп и градоначалникот на О.Прилеп

Доколку се јави потреба од зголемување или намалување на обемот на работа во конкретните сфери, планот за субвенционирање може да се измени при изработката на ребалансот на буџетот на Општина Прилеп во ставката наменета за субвенционирање на Јавните претпријатија.

Програмата за работа на Јавното претпријатие за просторни и урбанистички планови - Прилеп е изготвена врз основа на одредбите од Законот за Јавните претпријатија (Сл. Весник на РМ бр.38/96, 6/02 и 40/03) и обврскте содржани во Статутот на претпријатието.

Програмата за работа со Оперативниот план е претходно разгледана и донесена од органите на управување на претпријатието.

ЈП за ПУП - Прилеп
Директор
Бранко Нешкоски д.и.а.

Претседател на УО на
ЈП за ПУП - Прилеп

Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови
ул. Прилепски Бранители бр. 1, 7500 Прилеп, тел. 048 401 725, www.jpzapup.com